Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Медицински факултет во Скопје

Republic of North Macedonia
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Faculty of Medicine in Skopje

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Република Северна Македонија
Бр. 02-4146/8
05.09.2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 108 став 1 точка 2 од Статутот на Медицински факултет во Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 458/2019 година и број 458/2021-анекс), член 5 и 8 од Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024), Деканатската управа на факултетот на својата VII редовна седница одржана на 5.9.2024 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Медицински факултет - Скопје**

1. Со оваа Одлука се прецизираат износите од член 5 и се утврдуваат дополнителни надоместоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Медицински факултет – Скопје (во понатамошниот текст Факултет) од член 8 во Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

| Ред.бр. | Назив на услугата | Износ во денари | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | Издавање на уверение за положени испити во текот на студиите *(член 5, точка 14 од Анекстот)* | 200,00 ден. | |
| 2. | Издавање на потврда за статус на студент/специјализант *(член 5, точка 14 од Анекстот)* | 100,00 ден. | |
| 3. | Издавање потврда по разни основи со оддредени специфики *(член 5, точка 15 од Анексот)* | 1.500,00 ден. | |
| 4. | Материјални ресурси за реализација на студиските програми (годишно) | 3.500,00 ден. | |

2. На студентите запишани на прв и втор циклус на студии на Факултетот им се наплаќаат надоместоци за услуги и трошоци согласно Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и согласно оваа Одлука.

"50 Дивизија", бр. 6, тел. + 389 2 31 03 700; + 389 2 31 03 701, medf@medf.ukim.edu.mk
www.medf.ukim.edu.mk

3. Со влегување во сила на оваа Одлука и со Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024), престануваат да важат Одлуката за надоместоци за студирање бр. 02-5070/8 од 19.11.2012, Одлуката за дополнување на Одлуката за надоместоци за студирање бр. 02-2774/9 од 12.06.2018 и Одлуката за измена на одлуката за надоместоци за студирање бр. 02-5572/18 од 13.12.2023 година.

4. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник и ќе започне да се применува од учебната 2024/2025 година.

**Д е к а н,**
Проф.д-р Светозар Антовиќ

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Медицински факултет
Република Северна Македонија
1
СКОПЈЕ

**Изготвил:** Н. Цветковски
**Контролирал:** Г. Нелоски
**Одобрил:** Р. Митаноска

Одлуката да се достави до:

- Одделение за правни работи
- Одделени за студентски прашања
- Одделение за специјализации, магистерски и докторски студии
- Одделние за финансиско,сметководствено и материјално работење
- Архива